Република Северна Македонија
Општина Ѓорче Петров
Бр. 10-166/4
09.05 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22 и 3/25), Општина Ѓорче Петров, донесе

**Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ **Детален урбанистички план градска четврт СЗ 06, Општина Ѓорче Петров, Скопје**, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Ѓорче Петров, www.gjorcepetrov.gov.mk

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ **Детален урбанистички план градска четврт СЗ 06, Општина Ѓорче Петров , Скопје** нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини:

Со планскиот документ кој се донесува се врши уредување на просторот со површина од 45,62 һа согласно со ГУП на Град Скопје (2012-2022), како документација од повисок ред при што се дадени Посебни услови за заштита на животната средина, т.е. спроведена е стратегиска оцена за влијанието врз животната средина кои задолжително треба да се испочитуваат. Затоа предлагаме да донесете Одлука за неспроведување на стратегиска оцена по овој плански документ, за која треба да добиеме одобрение од Министерството за животна средина и просторно планирање, за да ја продолжиме постапката за донесување на планот.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**

**Александар Стојкоски**

**Изработил:**
Е. Ќулумоска, ____________
**Одобрил:**
Ф. Ефтимов ________________